# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

# **СТРАТЕШКИ ПЛАН**
**за периодот**
**2009 - 2011**
**година**

Септември - 2008
Скопје

Со изготвувањето на третиот Стратешки план во периодот на моето раководење со Министерството за внатрешни работи, Стратешкото планирање се издигна како една од основните функции на менаџментот. Стратешкото планирање ќе претставува метод во процесот на управување во кој ќе се донесуваат одлуки за целите, програмите, плановите и стратегиите со кои се насочува севкупната активност на министерството. Стратешкото планирање е динамичен процес, со кој Министерството за внатрешни работи ќе се прилагоди на идните внатрешни и надворешни промени. Планирањето во МВР, врз основа на анализа на минатото и согледување на иднината, ќе изврши избор на правите цели и начинот за нивно остварување по пат на подготвување на конкретни планови и програми. Стратешкото планирање не се ограничува само на прогнозирање на идните случувања, туку претставува свесна, организирана активност да се контролира и насочува иднината.

Со Стратешкото планирање Министерството за внатрешни работи настојува самото тоа да биде креатор и автор на својата иднина. Овде би требало да се напомене дека улогата на Стратешкото планирање не треба да се ограничува само на донесување одлуки, туку тоа е настојување тие одлуки да се спроведат и операционализираат. Ова произлегува од фактот што планирањето не може да се одвои од извршувањето како фаза од процесот на управувањето. Стратешкото планирање го презема врз себе обезбедувањето, распоредувањето на сите поединечни работни содржини на носителите во организационите единици, со временско одредување на соодветни носители на активностите, со адекватна алокација на планираните и потребни ресурси. На ваков начин се конституира планско обликување на севкупната активност на било која организациона единица низ планирано дефинирање на работните содржини, просторно одредени, со соодветни носители на одговорност и временски рокови. Вака поставено, Стратешкото планирање не претставува донесување на идни одлуки, туку се однесува на донесување на тековни одлуки за реализација на идните цели, односно својот развој.

При изработката на овој План треба да се појде од претпоставката дека тој е флексибилен, дека е подложен на промени кои ги диктира вкупното опкружување и кои мора да бидат вградени во самиот план, за да се остварат идните планирани активности. Со навременото внесување на идните промени во Стратешкиот план ќе се потенцира непрекинатост и континуитет во планираниот развој, чиј континуитет претставува услов за постојан развој на Министерството.

Со овој стратешки план Министерството ја оцени сопствената позиција, квалитетот на работа и ги идентификуваше предизвиците и сопствените потенцијали, во насока на подобрување на ефективноста и ефикасноста во спроведувањето на политиките, евалуацијата и транспаретноста во трошењето на определените буџетски средства.

Се надевам дека донесувањето на новиот Стратешки план ќе ги поттикне сите вработени да вложат максимални напори и ангажман во реализација на зацртаните и усвоени приоритети и цели на МВР, а кои се во согласност со приоритетите на Владата во насока на трасирање на патот кон ЕУ и НАТО.

**МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**м-р Гордана Јанкулоска**

## 1. 1 В О В Е Д

Министерството за внатрешни работи денес, значително се разликува од поранешната организациска поставеност на Министерството како политички инструмент во претходниот систем, но сеуште работиме на реализација на визијата како континуирана цел кон која се стремиме во подолг рок: да се создаде вистинска, современа, демократска полициска служба чиј состав ќе ја отсликува и реалната состојба на општеството. Во изминатите неколку години е остварен значителен напредок во реформскиот процес на полицијата. Издвојувањето на Министерството како политичко тело, задолжено за спроведување на политиките на Владата во областа на внатрешните работи, а Бирото за јавна безбедност за пропишување на стандардите и процедурите за постапување на полицијата, за експертски и генерален назор и контрола во работењето на полицијата во насока на оценување на нивната ефикасност и економичност во работењето, овозможува да се воспостават механизми на граѓанска контрола над работата на полицијата. Создавањето на мултиетничка полиција, зголемувањето на бројот на женската популација во полицијата, неопходноста од препознавањето на промената на начинот на размислување и начинот на работата на полицијата значително придонесоа во позитивна смисла да се сменат ставовите и гледањето кон полицијата од страна на граѓаните во Република Македонија. Меѓутоа, во наредниот период ќе треба силна волја и огромни напори за донесување на значајни одлуки кои стојат пред МВР, а пред се: суштинска структурна реорганизација и имплементација на веќе трансформираните подрачни полициски служби (сектори за внатрешни работи), унапредување на системот на регрутирање, селекција и прием на нов персонал, дополнително градење на системот на кариера и напредување во службата, воведување на современи механизми на одговорност за сите вработени, а зголемените делегирања на надлежности и децентрализираното донесување одлуки мора да се преточат во норматив-правило, а не да бидат исклучок.

Она што може да се воочи како промена во полициската култура, во очите на јавноста претставува тест на целиот досегашен тек на процесот на реформата на полицијата. Имајки го ова во предвид, се смета дека полициското образование и постојаното усовршување ќе имаат пресудна улога во одредување на полициската култура во наредниот период. Воведувањето на новопримените работници во текот на школувањето во начелата и принципите на полициското работење и наставни содржини дефинирани во склад со стандардите за човековите права и слободи, како и прифаќањето на насоките и регулативите за употреба на сила, може да ги зацврсти и доведе во нераскинлива врска нивните ставови и однесување. Помошта при полициското усовршување треба да биде насочена кон обезбедување на одржлив развој со пренесување на модерни методи на обука и наставни содржини. Кога е во прашање меѓународната заедница, неопходно се налага потребата од критичко надгледување на севкупниот процес на реформите во полицијата, поголема меѓусебна координација и единствено настапување доколку би сакале меѓународната поддршка да има значајно влијание на реформскиот процес. Меѓународната заедница во координација со МВР би требало да ги класифицира приоритетните области на реформскиот процес на кој би требало веднаш да се работи и во кои нивната експертиза би била најпотребна. Како приоритет би требало да се стави координацијата на странската помош од меѓународната заедница, при што би морало да се одржуват повремени состаноци на сите заинтересирани страни вклучени во реформскиот процес. Во наредниот период меѓународната заедница би требало да биде помош и поддршка на Министерството, а документот за визијата на МВР да се преточи во остварлив и одржлив стратешки план. Министерството мора да спроведе структурни промени доколку сака процесот на реформи целосно да се заокружи и оствари.

Поддршката на структурните капацитети исто така е неопходна, но истото мора да биде дел од долгорочна стратегија со јасно дефинирани и мерливи цели и индикатори. Поддршката од меѓународната заедница пред се ќе зависи од степенот на остварениот напредок и од заземањето на стратешки и целосен пристап на процесот на реформите во полицијата. Завршувањето на процесот на реформи во полицијата ќе доведе до етаблирање на целосно нова организациона структура на Министерството и Полицијата, кои своите функции ќе ги остваруваат според нова методологија на работење, компатибилна и соодветна на најдобрите практики на европските полиции и нивните заеднички стандарди.

Целиот процес на реформите е со единствена цел, со новата организациона поставеност, со активностите и мерките кои ќе се преземат, Министерството и Полицијата да се стават во оптимална функционалност и ефикасност. Пат кој нужно мора да се помине во насока на побрзо интегрирање на Република Македонија во големото европско семејство.

При креирањето на *приоритетите* се зедоа предвид сите обврски на Министерството за внатрешни работи превземени во Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нивните земји-членки; Партнерството за пристапување како и Националната програма за усвојување на правото на ЕУ. Во услови на така дефинирани приоритети развиени се *програми и потпрограми* кои се сочинети од *конкретни активности и мерки* преку кои соодветно се одразени сите преземени обврски од Министерството во веќе споменатите документи.
Согласно наведеното, Стратешкиот план ќе служи во функција на остварување на дефинираните приоритети и цели. При неговата изработка користен е системски пристап, извршена е анализа на постоечката состојба во областа односно областите за кое и е надлежно Министерството и органите во нејзин состав, прибрани се релевантни податоци и информации за фактите кои со нивната евалуација се искористени во насока на реално и објективно утврдување на состојбите во областа, проблемите и потешкотиите. Имајќи ги во предвид клучните критични прашања кои влијаат на нашиот институционален развој избрани се стратегии, дефинирани се мерки и активности незаборавајќи ги остварените досегашни резултати, нормативната рамка, расположливите човечки и финансиски ресурси. Јасно е лоцирана одговорноста, очекуваните резултати и временската рамка за остварување на планот. Приоритетите произлегуваат и се конзистенти со стратешките приоритети на Владата на РМ и мисијата на Министерството. Во подготвување на Стратешкиот план партиципираа сите органи во состав како и клучните сектори на Министерството со што обезбедуваме како интерна така и екстерна транспарентност, а при неговото донесување постојано беа консултирани државните советници при Генералниот секретаријат во Владата на РМ.Планот е разбирлив, јасен, реален, транспарентен и остварлив.
Стратешкиот план на МВР за периодот 2009-2011 година обезбедува имплементација на законските и подзаконски акти во надлежност на извршување на Министерството и Полицијата.

## 1.2 М И С И Ј А

Законита, стручна, транспарентна, одговорна и демократски ориентирана организација посветена да им служи на граѓаните, штитејќи ги нивните слободи и права и ефикасно справувајќи се со криминалот, да овозможи внатрешна безбедност и сигурност во државата со превземање на својот дел од одговорноста за глобалната безбедност.

## 1. 3 В И З И Ј А

Да бидеме столб на сигурноста на државата и општеството, насочени кон постигнување на ЕУ стандардите и најдобрите пратики со изградена висока доверба и почитување од граѓаните на Република Македонија и меѓународната заедница.

### 1.3.1 SWOT АНАЛИЗА

Во рамките на анализата на состојбата пристапено е кон изработка на SWOT анализа која претставува анализа и самооценување на капацитетите на Министерството за внатрешни работи. Во рамките на SWOT анализата анализирана е институцијата, нејзината внатрешна структура, надлежноста, одговорноста, силните и слабите страни, капацитетите- човечките и матерјалните ресурси, ИТ и другата опрема со која располага, условите за работа како и заканите и предизвиците со кои се соочува во секојдневното работење.
Со оглед на силното влијание на глобализацијата и честите, брзи и далекусежни импликации на истата иако скромно, пристапивме кон анализа на опкружувањето. Анализирани се надворешните влијаниа од аспект на вршењата на задачите на министерството како и импликациите на надворешното опкружување врз услугите кои ги даваме на граганите. Направен е и обид да се анализираат можните настани и збиднувања од аспект на делувањето на институцијата.
SWOT анализата како техника за идентификување на: Силните страни, Слабите страни, Предизвиците и Заканите е искористена со цел укажување на тоа што треба да се превземе да се подобрат силните страни, да се елиминираат слабостите, да се искористат предизвиците и да оневозможи заканите да се остварат, или барем да се намали нивното влијание.При разработувањето на SWOT анализата треба да се зема во предвид дека одредени слаби страни или закани, со наше правилно насочување можат да бидат претворени во силни страни и предизвици, кои МВР би можело да ги искористи за подобрување и постигнување предност во севкупниот развој.

| Силни страни: | Предизвици: |
|---|---|
| -Историја на државата, позитивна препознатливост на полицијата<br>-Инкорпорирање на тековните вредности во база на добро структуирана полиција<br>-Компетентност, тимска работа, системски пристап во справување со безбедносните проблеми<br>-Ресурси, опрема, база на податоци, аналитика и евалуација<br>-Создадена правна рамка<br>-Полиција со кредибилитет, квалитет, одговорност, ефикасност и гарант на внатрешната безбедност<br>-Полициско работење во заедницата, доверба во полицијата<br>-Полиција во служба на граѓаните како давател на услуги од аспект на безбедноста<br>-Искуството во областа на безбедноста, традиција на полицијата во справување на сите безбедносни проблеми<br>-Располагање со ескперти во полициското работење<br>-Постојана тенденција за подобрување на услугите кон граганите<br>-Хиерархија заснована на дисциплина<br>-Отвореност кон промени и подобрување<br>-Самопожртвуваноста на персоналот<br>-Можностите за користење на висока технологија | -Договорот за стабилизација и асоцијација<br>-Добивање на датум за отпочнување на преговорите со ЕУ<br>-Децентрализација на задачите,надлежностите и одговорностите<br>-Воспоставување на ефикасна полициска организација управувана од професиналци кои ќе имаат моќ на делегирање и ќе бидат ослободени од политичко влијание,<br>-Воспоставување на современ ситем на менаџирање со човечки и материјални ресурси,<br>-Потикнување и зголемување на мотивација и намалување на отпорот кон промени<br>-Решителноста во подобрување на капацитетите за стратешко планирање и креирање на политиките<br>-Подобрување на соработката мегу секторите<br>-Следење на актуелните мегународни случувања<br>-Зголемена безбедносна култура и поддршка од граганите во областа на безбедноста<br>-Развојот на ИТ технологијата<br>-Глобалните влијанија<br>-Регионалната соработка<br>-Интеграциите и партнерствата |
| **Слаби страни:** | **Закани:** |
| -Недоволна институционална култура во рамките на стратешкото планирање и управување<br>-Полицијата применува законски прописи во надлежност на други државни органи<br>-Потешкотии во прилагодување кон новите промени на одредени полициски службеници<br>-Недоволната координација и соработка на капацитетите за стратешко планирање и креирање на политиките<br>-Нејасни стандарди околу избор, разрешување, унапредување, вреднување на трудот и резултати од работата<br>-Неспремност на персоналот да ги промени навиките, менаџерски техники за водење на буџетни, материјални и кадровски ресурси<br>-Зголемено оптоварување на функционирањето на администрацијата во безбедносните органи и недоволно користење на информациската технологија и автоматизација на системите<br>-Недостаток од континуирана обука на припадниците на полицијата<br>-Лошо опремени и неодржувани објекти<br>-Неправилна распределба на персоналот<br>-Недоволна и слаба кадровска потполнетост со високообразовен кадар,посебно делот на униформираната полиција | -Негативното влијание на прашањата на меѓународната безбедност врз нашата држава<br>-Појава на нови видови на криминал како резултат на развојот на ИТ технологијата<br>-Менување на персоналот-губење на институционална меморија<br>-Политичките влијанија<br>-Фискалните влијанија – недоволен и централизиран буџет во МВР<br>-Честото менување на регулативата и потреба од редовна,продолжителна и специјалистичка обука<br>-Меѓуетничките релации – имплементација на охридски рамковен договор |

Како резултат на SWOT анализирано е МВР, неговата внатрешна структура,надлежностите, одговорностите,капацитетите, човечките ресурси,материјално - техничката опремата и условите за работа.
Воедно анализирано е надворешното опкружување, влијанието на надворешните услови во работата на МВР како сервис на граѓаните од аспект на безбедноста.
Анализирани се и можните настани и трендови од аспект на нивното влијание врз работата на МВР.
На крајот анализирани се целните групи,населението,другите органи,организации и институции,односно заинтересираните страни како корисници на услуги од обласат на безбедноста кои директно или индиректно трпат некое влијание од делувањето на МВР.
SWOT Анализата е искористена како корисна алатка со која се врши анализа на внатрешното и надворешното опкружување во кое делува МВР во процесот на стратешко планирање и делување.
SWOT како корисна алатка со своите придобивки кои ги нуди е искористена не само во анализата на организацијата , туку и во анализа на безбедносните услуги кои ги дава МВР како сервис и служба на граѓаните, во утврдувањето на разни предлози, идеи, методи, ставови и мислења.

### 1.3.2 ПРИНЦИПИ И ВРЕДНОСТИ

Како инситуција со изградена хиерархија,дисциплина,висока култура и традиција зад кои силно ќе застанеме со следните принципи и вредности:

1. Ефикасност на полициското работење
2. Организираност, стручност и економичност во работата
3. Техничко-технолошка опременост
4. Одговорност и мотивираност на вработените.
5. Планирање, развој и едукација на персоналот
6. Соодветна и правична застапеност на граѓаните од сите заедници во Република Македонија
7. Функција на полицијата како сервис за јавноста
8. Борба против организиран криминал
9. Унапредување на регионалната и меѓународната соработка
10. Утврдување на „неполициските функции" на Министерството за внатрешни работи и нивно издвојување од основните надлежности на Министерството
11. Изгрардена хиерархија и висока дисциплина

### 1.3.3. НАЧЕЛА

-Единство,со кое се обезбедува изградба и функционирање на безбедносниот систем како компактна целина
-Ефикасност, која претставува способност за идентификување на безбедносните проблеми и превземање на соодветни мерки со цел за нивно решавање
-Современост, што претставува постојана надоградба и развој на системот на безбедност
-Сеопфатност, што се остварува со заедничко делување на сите чинители на безбедноста и употреба на сите законски расположиви мерки и активности
-Професионалност, која подразбира каровска острученост и компетентност за извршување на работите на безбедноста
-Флексибилност, што претставува способност за правовремено прилагодување на системот на безбедноста
-Транспарентност, што подразбира отвореност во работата и активностите кои се реализираат и остваруваат во системот на безбедноста
-Кооперативност, што налага соработка на сите елементи и чинители на системот на безбедноста заедно со останатите системи на безбедноста
-Интероперабилност, што подразбира компатибилност на системот на безбедноста со современите мегународни стандарди во областа на безбедноста
-Тимска работа и солидарност,што подразбира свест за потреба од заедничко дејствување, преземање на заеднички обврски и взаемна одговорност на сите вработени
-Дисциплина, што подразбира навика за покорување кон определениот поредок во организацијата
-Висок морал и полициската етика,што подразбира збир на морални начела,принципи и правила според кои се однесуваат вработените во МВР
-Континуиран развој, што подразбира непрекинатост и постојаност на мерките и активностите што водат кон идниот напредок
-Отчетност
-Доверба

## 1. 4 ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ

-заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните;
-спречување на вршење на казниви дела, откривање и фаќање на сторителите на казниви дела и нивно предавање на надлежни органи;
-заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот загарантирани со Уставот на Република Македонија;
-одржување на јавниот ред и мир;
-спречување на разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост;
-обезбедување на определени личности и објекти;
-регулирање и контрола на сообраќајот на патиштата и други работи сврзани со безбедноста на сообраќајот на патиштата;
-контрола на државната граница и гранично обезбедување;
-престој и движење на странци;
-работи од областа на граѓанскиот статус

## 1. 5 СПЕЦИФИЧНОСТ

Министерството за внатрешни работи е орган на државната управа кој врши работи од областа на внатрешната безбедност.
Со Министерството раководи министер избран од Собранието на Република Македонија кој воедно е и член на Владата на Република Македонија.

## 1. 6 СТРУКТУРА

**Министерство:**
- Кабинет на Министерот
- Кабинет на заменик министерот
- Кабинет на државниот секретар
- Сектор за односи со јавноста и информации од јавен карактер
- Сектор за европска унија
- Сектор за финансиски, материјално-технички и логистички работи
- Сектор за внатрешна контрола и професионални стандарди
- Сектор за правни и кадровски работи
- Одделение за внатрешна ревизија

**Управа за безбедност и контаразузнавање**
**Биро за јавна безбедбост**
- Дежурен центар за состојби
- Сектор за аналитика, истражување и документирање
- Сектор за прекршоци
- Сектор за организација, стратешко планирање и развој на полицијата
- Сектор за управување со човечки ресурси
- Сектор за работи на јавен ред и мир
- Сектор за сообраќајни работи
- Сектор за криминалистички работи
- Сектор за гранични работи и миграција
- Сектор за соработка со НАТО и класифицирани информации
- Центар за обука

**Централни полициски служби**
- Одделение за заштита на сведоци
- Канцеларија за односи со јавноста
- Дежурен оперативен центар
- Сектор за заеднички работи

- Сектор за мегународна полициска соработка
- Оддел за информатика и телекомуникации
- Хеликоптерска единица
- Оддел за посебни единици
- Оддел за организиран криминал
- Оддел за криминалистичка техника
- Оддел за обезбедување на личности и внатрешно обезбедување на објекти
- Оддел за граѓански работи

**Подрачни полициски служби (Сектори за внатрешни работи-СВР)**
- Сектор за внатрешни работи *Скопје*
- Сектор за внатрешни работи *Битола*
- Сектор за внатрешни работи *Велес*
- Сектор за внатрешни работи *Куманово*
- Сектор за внатрешни работи *Охрид*
- Сектор за внатрешни работи *Струмица*
- Сектор за внатрешни работи *Тетово*
- Сектор за внатрешни работи *Штип*

**Регионални центри за гранични работи**
- Регионален центар за гранични работи –Север (со седиште во Скопје)
- Регионален центар за гранични работи –Запад (со седиште во Охрид)
- Регионален центар за гранични работи –Југ (со седиште во Кавадарци)
- Регионален центар за гранични работи –Исток (со седиште во Делчево)

## 1. 7 ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ

Органи во состав на Министерството за внатрешни работи се Управата за безбедност (УБК) и контраразузнавање и Бирото за јавна безбедност (БЈБ).
Со УБК и БЈБ раководат директори, кои на предлог на министерот ги именува и разрешува Владата на Република Македонија. Директорот на органот во состав на министерството, лично е одговорен за својата работа и за работата на органот со кој раководи пред Владата и пред министерот.
Работите на системот на јавна безбедност ги врши Бирото за јавна безбедност, преку работниците на полицијата и криминалистичката полиција.
За извршување на работите сврзани со безбедноста и контраразузнавањето (работи кои се однесуваат на заштита од шпионажа, тероризам или други активности насочени кон загрозување или уривање на демократските институции утврдени со Уставот на Република Македонија со насилни средства, како и заштита од потешки форми на организиран криминал), надлежна е Управата за безбедност и контраразузнавање .
Горенаведените органи во состав на министерството во текот на своето работење остваруваат меѓусебна комуникација, координација и информирање.
Активноста на органите во состав ги обединува и координира министерот за внатрешни работи преку директорите на УБК и БЈБ.

## 1.8 ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

**Спречување и откривање на организиран криминал и корупција**

» *цели во функција на приоритетот*
- Зајакната борба против сите појавни облици на организиран криминал, особено спречување и откривање на недозволена трговија со дрога и оружје, недозволена трговија со луѓе;
- Унапредена меѓународна полициска соработка во борбата против организираниот криминал;
- Унапредена меѓуинситуционалната соработка на сите субјекти вклучени во борбата против криминалот;
- Зајакнати човечки, матерјално-технички и финансиски капацитети на Одделот за организиран криминал;

**Зајакнување на довербата на сите заедници во полицијата**
» *цели во функција на приоритетот*
- Развиени партнерски односи помегу граѓаните и полицијата, зголемена доверба на сите заедници во полицијата, афирмиран принцип ,,цоммунити полицинг,,
- Развивен транспарентен систем на односи со јавноста;
- Финализирана правична застапеност на сите заедници во полицијата;

**Заокружување на процесот на реформи на полицијата**
» *цели во функција на приоритетот*
- Изграден современ модел на полициска организација;
- Воведени нови методи за работа на полицијата;
- Зајакнат принцип на владеење на правото;
- Зголемена заштита и почитување на фундаменталните човекови слободи и права;
- Уреден тек на кариера на вработените во министерството

**Подобрување на јавната безбедност**
» *цели во функција на приоритетот*
- Ефикасно и ефективно спречени сите видови криминалитет;
- Намалена стапка на криминалот;
- Зголемена ефикасност во спречување и откривање на криминалот;
- Зголемена лична сигурност на граѓаните и безбедност на имотот;
- Ефикасно и ефективно одржан јавен ред и мир;
- Подобрена безбедност на сообраќајот на патиштата;
- Зајакната контрола на државната граница и спречена нелегална миграција;

**Подобрување на ефикасноста во борбата против тероризмот и заштитата на националната безбедност**
» *цели во функција на приоритетот*
- Воспоставена ефикасна размена на информации за терористички групи и нивни мрежи за поддршка;
- Унапредени мерки и активности за разоткривање на организаторите, извршителите и логистичарите на терористичките активности

## 1. 9 ОСВРТ ЗА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ЗА 2007 ГОДИНА
**Преземени мерки и примена на овластувања**

Припадниците на Министерството во рамките на законските овластувања презема бројни превентивни и репресивни мерки во насока на заштита на животот, личната сигурност на граѓаните, спречување на вршење на кривични дела, откривање, фаќање на сторителите, одржување на јавниот ред и мир и спречување на други недозволени однесувања.

Во споредба со претходната година, поедини полициски овластувања се применети во значително помал број, кое е најизразено кај мерката легитимирање (34,4%) и приведување (8,2%).
Во рамките на преземените репресивни мерки и дејствија поднесени се кривични пријави за 26.224 (21.231*) кривични дела, во областа на јавниот ред и мир поднесени се 12.072 (13.230) барања за поведување на прекршочна постапка и 1011 барања во областа на јавниот поредок. Во областа на сообраќајот се поднесени 2.882(2.226) кривични пријави, 114.159(174.636) барања за поведување прекршочна постапка и се изречени 6.304(2.893) мандатни казни.

**Класичен криминалитет**
Делата од областа на класичниот криминал бележат зголемување за 18%. При расветлувањето на кривичните дела извршени од непознат сторител остварена е ефикасност од 38,2% (претходната година 43,7%), а заедно со делата со познат сторител вкупно се расчистени 52,9% (56%) од делата. Притоа, позитивно се оценува остварената висока ефикасност во расветлување на потешките кривични дела со елементи на насилство: убиствата-76,2%, разбојништвата-40,6%, силувањата-97,6%,противправните лишувања од слобода-91%, грабнувањата-57,1% и насилствата-97,8%, што укажува на поинтензивни активности на Министерството.

*Во заградате е конкретен индикатор за 2007 година.

**Организиран криминал и корупција**
Министерството за внатрешни работи како главен приоритет во работењето во текот на 2007 година ја определи борбата со корупцијата и сите нејзини појавни облсти имајќи ја предвид разорната моќ на корупцијата и коруптивното однесување и со оглед дека е нанесена штета на Буџетот на Р.Македонија за над ***3,1 милијарди денари (над 50 милиони евра)***.

**Акцентот особено беше ставен на откривање случаи во кои се утврдени елементи на коруптивно однесување, односно документирани се 116 (47) вакви случаи во кои пријавените го оштетиле Буџетот на Р. Македонија за износ од над 2,9 милијарди денари.**

Покрај ова, со правилната поставеност на полицијата се докажа дека во нашата земја може да се откриваат и т.н. класични форми на корупција, односно ***примањето и давањето поткуп*** каде е регистрирано **четирикратно зголемување** на откриените дела.
Во рамки на реализациите со кои се откриваат инкриминации што се резултат на софистицирани облици на организираниот криминал, откриени се 10 (20) кривични дела ***перење пари.***
И оваа година, борбата со градежната мафија продолжи со несмален интензитет и резултираше со откривање на нови случаи на измама на граѓани од страна на две градежни фирми.
Преземените активности за откривање и спречување на организираните форми на ***илегална миграција и криумчарење мигранти*** придонесоа за позитивни резултати и на овој план, со зголемување на бројот на откриени кривични дела за 46%, односно откриени се вкупно 38 (26) кривични дела .

Состојбата во делот на откривањето на ***трговијата со луѓе*** е идентична со претходната година, односно се откриени три кривични дела. Со цел успешно откривање и спречување на трговијата со луѓе и принудната проституција, беа интензивирани и акциските контроли во угостителски објекти, во чие спроведување беа вклучени и други надлежни државни институции.

За обележување е што на ***телефонската линија 199,*** се добиени 1.681 јавувања**,** што претставува енормно зголемување во споредба со претходната година ( само 45 јавувања), при што најголемиот број - 1.552 јавувања се примени после 02.09.2007 година, кога преку кампања на Владата на РМ „Македонија без корупција”, Министерството ја промовираше линијата 199 како национален број за борба против корупцијата.

**Економски криминал**
Во рамките на овие активности, во текот на годината беа откриени ***1.003*** (665) кривични дела, што претставува зголемување во откривачката функција за ***50,8%*** во однос на претходната година.

**Недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи**
Откриени беа 368 (261) кривични дела ***»неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори«***. Споредено со претходната година, откриените кривични дела се намалени за 40,9 %..

Откриени се и 86 (54) кривични дела ***»овозможување на употреба наркотични дроги«,*** што се за 59,2% повеќе во однос на претходната година.. Меѓутоа вкупните запленети количини дроги се зголемени за повеќе од 32% во однос на 2006 година. Покрај наведените кривични дела, за сторен прекршок „Користење наркотични дроги “ се поднесени вкупно 692 барања за поведување прекршочна постапка.

Во областа на ***недозволената трговија со оружје*** како резултат на преземените мерки, се откриени 240 (250) кривични дела ***"недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи"*** .
Врз основа на споредбите со активностите спроведени од 2006 година забележано е намалување на ефикасноста во однос на откриените дела за 4%, додека во однос на запленетите количини[1] се за дваипол пати повеќе во однос на заплените реализирани минатата година.

---

[1] ***Во 2006г .беа запленети 646 (464) )парчиња оружје (301 митралез, 140 пиштоли, 68 гранати и рачни бомби, 44 рачни ракетни фрлачи, 23 автоматски пушки, 16 ловни пушки, 15 гасни пиштоли, 11 револвери, 6 ловни карабини, по шест војнички и малокалибарски пушки,по четири полуавтоматски и воздушни пушки, два безповлечни топа, автомат и***

Во овој период се поднесени и 320 барања за поведување на ***прекршочна постапка,*** против 325 лица заради нелегално поседување, носење и злоупотреба на оружјето.

Во областа на ***криумчарењето со акцизни и друг вид стоки*** се откриени 109 (164) кривични дела. Споредено со 2006 година забележано е намалување на откриените дела за 33,5 %.

**Јавен ред и мир и останати полициски работи**
Во областа на јавниот ред и мир е регистрирано намалување на прекршоците за 9,1% (претходната година беше регистриран пораст за 3,5%), при што како и претходните години значително е учеството на прекршоците со елементи на насилство. За разлика од претходната година кога физичките напади над овластените службени лица на МВР беа во намалување за 12%, оваа година истите бележат зголемување за исто толку проценти. Како резултат на зголеменото ангажирање во оваа област, остварена е поволна и стабилна состојба, без потешки инциденти и нарушувања на јавниот ред и мир во поголем обем.

**Безбедност во патниот сообраќај**
Во областа на **патниот сообраќај**, во 2007 година се случија за 21,7% повеќе сообраќајни незгоди со настрадани лица, отколку во 2006 година, и при тоа бројот на загинатите лица беше поголем за 23,6%, а бројот на повредените лица беше поголем за 24,2%.

**Гранични работи, миграции и движење и престој на странци**
Во изминатиот едногодишен период регистрирани се два (три) ***гранични инциденти*** и 1085(3.302) ***илегални преминувања***. Во истиот период, од страна на македонските погранични органи ***спречени*** се вкупно 1.919(1.866) странски државјани при обид илегално да ја преминат државната граница, што во споредба со претходната година претставува незначително зголемување од 2,8 %.

Поради незаконски активности на странските државјани при престојот во Р Македонија поднесени се 218(145) кривични пријави што претставува зголемување за 50,3%, а кривично се пријавени 249(203) странски државјани. Во делот на прекршоците се поднесени 738(946) прекршочни пријави, што претставува намалување за 22 %.

При ***контролата на преминувањето*** на државната граница и утврдувањето на исправноста на патните исправи на лицата откриени се **13**(15) македонски и седум(17) странски државјани со фалсификувани патни исправи на Р Македонија, како и седум(10) македонски и 102(158) странски државјани со фалсификувани странски патни исправи.

**Меѓународна активност на министерството**
Во текот на 2007 година реализирана е **интензивна меѓународна активност**, при што е одржан континуитет во остварувањето на **билатералната** и **мултилатералната соработка**, со акцент на натамошно проширување и конкретизирање на соработката со соседните земји и земјите во поширокиот регион во справувањето со криминалот, посебно организираниот криминал ( преку зајакнување на соработката на полициите и имплементирање на билатерални и регионални договори) и стабилизирањето на безбедносните состојби.
Согласно Стратегијата за реформи на полицијата, со континирана поддршка на ЕУ (Твининг- проектите: » Советодавна поддршка на реформите во полицијата « и » Компонента за имплементација на локално ниво на реформите во полицијата «), заокружен е реформскиот процес во Министерството, со што се обезбедени услови за постигнување на европски стандарди во работењето и на централно и на локално ниво.
-Во текот на годината, реализирани се значајни активности и на планот на хармонизацијата на законодавството во областа на внатрешните работи со законодавството на ЕУ, при што согласно Националната програма и Акциониот план, во текот на 2007 година се донесени 21 закон ( усогласени со европските стандарди) и 107 подзаконски акти.

**Нормативна дејност**
-Во текот на годината беа донесени 21 законски прописи и 107 подзаконски акти (66 правилници, 28 упатства, пет уредби, четири решенија, две одлуки, една програма и Кодекс на полициска етика).

---

***против тенковска мина), kako и 500 грама пластичен експлозив, 7.724 парчиња различна муниција, 113.266 петарди, 381 дел од оружје и 217 парчиња експлозивни полнења.***

-Се преземаа и бројни активности поврзани со процесот на имплементација на Конвенцијата за полициска соработка во Југо-источна Европа, како и за реализирање на обврските кои произлегуваат од бројните проекти на Владата на Република Македонија, меѓу кои и проектот „Регулаторна гилотина".
**Управни работи**
-Во областа на управно-надзорните работи активностите се одвиваа во насока на стручно, ажурно и благовремено водење на управните постапки, за овозможување максимално остварување на правата на граѓаните.
-Со измените и дополнувањата на постојниот Закон за патни исправи и подзаконските акти, се отпочна со издавање на нови патни исправи согласно европските стандарди. Технички беа опремени базните станици во рефератите по патни исправи, по што се отпочна со централизиран начин на нивно издавање.
-Бројни активности се преземаа во работната група од областа на правда и внатрешни работи, за изготвување на национална програма за усвојување на правото на Европската Унија, како и во подготовките, финализацијата и практично имплементирање на повеќе закони и подзаконски акти. Покрај ова, се остваруваше соработка со Канцеларијата на високиот комесаријат за бегалци во Скопје, Советот на Европа, Европската унија, УНДП, ОБСЕ и други. Во оваа насока беа одржани и повеќе средби со претставници на овие организации, во врска со разни прашања кои се надлежност на Секторот за управно-надзорни работи.

## 1. 10 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА (прво полугодие)

**Преземени мерки и примена на овластувања**
-Во споредба со првото полугодие претходната година, мерките од овластувањата бележат значително намалување, кое е најизразено кај мерката легитимирање (49%), додека кај останатите мерки од овластувањата бележиме зголемување кое е најизразено кај мерката предупредување (39,8%).
-Во рамките на преземените репресивни мерки и дејствија поднесени се кривични пријави за извршени 13.842(13.045) кривични дела, потоа во областа на јавниот ред и мир поднесени се 5.638(6.243) барања за поведување на прекршочна постапка ,а за 522(765) прекршоци од областа на јавниот поредок (најчесто заради повреда на прописите на лична карта и прописите за живеалиште и престојувалиште) поднесени се барања за поведување прекршочна постапка против 603(645) лице. Во областа на сообраќајот се поднесени 1.534(1.679) кривични пријави и 63.351(78.984) барања за поведување прекршочна постапка.

**Јавен ред и мир и останати полициски работи**
-Во областа на јавниот ред и мир е регистрирано намалување на прекршоците за 9,7% при што како и претходните години значително е учеството на прекршоците со елементи на насилство. Како резултат на зголеменото ангажирање во оваа област, остварена е поволна и стабилна состојба, без потешки инциденти и нарушувања на јавниот ред и мир во поголем обем.

**Класичен криминалитет.**
-Делата од областа на класичниот криминал бележат зголемување за 6,3%. При расветлувањето на кривичните дела извршени од непознат сторител во оваа област е остварена ефикасност од 36% (претходната година 36,6%), а заедно со делата со познат сторител вкупно се расчистени 49,5 (50,5%) од делата. Притоа, позитивно се оценува и остварената висока ефикасност во расветлување на потешките кривични дела со елементи на насилство: убиствата-76,5%, обиди за убиства 80,9%, противправно лишување од слобода 95,4%, разбојништвата-31,1%, силувањата-100%, грабнување-80% и насилствата-97,3%, што укажува на правилната насоченост на активностите на Министерството.

**Организиран криминал и корупција**
-Во изминатото полугодие од 2008 година, регистрираното намалување на бројот на вкупно реализираните кривични дела во областа на организираниот криминалитет во споредба со истиот период минатата година за 30%, пред се се должи на намалување на бројот на кривичните дела поврзани со фалсификувањето пари за 50%. Меѓутоа, за обележување се постигнатите резултати во делот на откривање и спречување на организирани форми на илегална миграција, односно криумчарење мигранти, каде е регистрирано зголемување во откривчката функција за 15,3%, а исто толку значајни се активностите на службите на Министерството за откривање на класичните форми на корупција и коруптивно однесување, каде е остварено приближно исто рамниште во откривачката функција во споредба со истиот период минатата година.

**Економски криминал**
-Мерките што беа преземени од стручните служби за проверки на финансиското работење на стопанските субјекти, државните органи и институции, во оваа област во изминатото шестмесечие од 2008 година, резултираа со зголемено откривање на бројот на кривични дела во споредба со истиот период минатата година, со што е регистриран тренд на зголемување за 12,1%.

**Недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи**
-Откриени беа 134 (168) кривични дела »неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори.. Споредено со претходната година, откриените кривични дела се намалени за 20,23 %, а бројот на пријавените лица е намален за 20,37 %.
-Откриени се и 38 (29) кривични дела »овозможување на употреба наркотични дроги«, што се за 31 % повеќе во однос на претходната година. Вкупните запленети количини дроги се повеќекратно намалени во однос на првото полугодие на 2007 година. Покрај наведените кривични дела, за сторен прекршок “ Користење наркотични дроги “ се поднесени вкупно 314 барања за поведување прекршочна постапка.
-Во областа на недозволената трговија со оружје како резултат на преземените мерки, се откриени 131 (127) кривично дело "недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи" .
-Врз основа на споредбите со активностите спроведени истиот период 2007 година забележано е зголемување на ефикасноста во однос на откриените дела за 3,14 %, а исто така повеќе од два пати се зголемени запленетите количини оружје.
-Во овој период се поднесени и 182 барања за поведување на прекршочна постапка, заради нелегално поседување, носење и злоупотреба на оружјето.
-Во областа на криумчарењето со акцизни и друг вид стоки се откриени 80 (57) кривични дела. Врз основа на споредбите од 2007 година забележано е зголемување на откриените дела за 40,35 %.

**Безбедност во патниот сообраќај**
-Безбедносната состојба во патниот сообраќај во првото полугодие од 2008 година, во споредба со истиот период од 2007 година, е поповолна. Имено, бројот на сообраќајните незгоди со настрадани лица е во намалување за 6,1%, при што бројот на загинатите лица е помал за 28 %, а бројот на повредените лица е помал за 4,5%.

**Гранични работи, миграции и движење и престој на странци**
-Во ова полугодие регистрирани се два (еден) гранични инциденти и 219(553) илегални преминувања, што претставува намалување за 60,4% во однос на истиот период од минатата година. Во истиот период, од страна на македонските погранични органи спречени се вкупно 533(999) странски државјани при обид илегално да ја преминат државната граница, што во споредба со претходната година претставува намалување од 46,6 %.
-Поради незаконски активности на странските државјани при престојот во Р.Македонија поднесени се 113(87) кривични пријави што претставува зголемување за 29,8 %,. Во делот на прекршоците се поднесени 302(423) прекршочни пријави, што претставува намалување за 28,6 %.

**Сектор за внатрешна контрола и професионални стандарди**
-Во текот на првата половина од годинава, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, преземаше мерки за испитување на 603 (440) случаи на посочени пречекорувања на овластувања и злоупотреби на службената положба на овластените службени лица, што претставува зголемување на бројот на испитани случаи за 37 % во однос на истиот период минатата година.
-Инаку, за сите постапени 603 предмети по извршени проверки за 152 (118) случаи се утврдени одредени неправилности во работењето на припадниците на Министерството за внатрешни работи, при што од страна на СВКПС се предложени соодветни мерки спрема овластените службени лица кои непрофесионално и незаконски постапувале. Така, во 43 (50) случаи за утврдените неправилности, СВКПС, против 96 (104) ОСЛ предложи поведување на дисциплинска постапка, а во 40 (34) случаи е предложена мерка намалување на личниот доход за 71 (82) овластени службени лица. Исто така, во 32 (39) случаи, по извршените проверки СВКПС, предложи предупредување за 48 (70) овластени службени лица. Во 11 (7) случаи кога по извршените проверки се утврдени одредени неправилности, од страна на СВКПС е предложи прераспоредување на друго работно место за 19 (24) ОСЛ, додека во 4 (20) случаи за 32 (70) припадника на МВР предложено е суспендирање од работното место, а за два (1) припадник на МВР е предложено поведување на прекршочна постапка, а во 20 случај (1) утврдување на материјална одговорност за надомест на штета против 21 ОСЛ.

-Инаку, во случаите  каде се утврдени незаконитости во постапувањето на овластените службени лица кои имаат обележје на кривично дело, од страна на СВКПС се поднесени  16 (40) кривични пријави против 21 овластено службено лице за сторени 19 кривични дела.
-Во првите шест месеци од годинава, Секторот во постапка по   33 (16) поднесоци, од граѓани во кои е наведено дека спрема нив од овластени службени лица е употребена физичка сила, поднесени се две кривични пријави против три овластени службени лица, при што против истите е предложено да се покрене постапка пред Комисијата за отказ. Во еден случај против полицискиот службеник е предложено  да се поведе постапка за отказ.
-Имајќи ги предвид коментарите  по Извештајот на Комитетот за превенција од тортура при Советот на Европа во однос на забелешките кои се однесуваат на повеќе сегменти на заштита на човековите слободи и права, Секторот за внатрешна контрола предложи и изготви Акциски план со утврдени активности, носители, рокови, индикатори на успешност и финансиски импликации
-За одбележување е и придонесот на претставници од Секторот во работата на работната група, во проектот за изнаоѓање на поефикасен надворешен механизам за контрола на работата на полицијата, финансиран и поддржан од ОБСЕ, кој резултираше со објавување на публикација и нејзино претставување пред пратениците во Собранието на Република Македонија.

## 2  ПРОГРАМИ:

## 2. 1  ПРОГРАМА: БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛИТЕТ И  КОРУПЦИЈАТА

Во рамките на оваа Програма ќе се реализираат повеќе мерки и активности на спречување и откривање на дела и сторители од областа на организираниот криминал: недозволена трговија со луѓе и префрлување на мигранти; недозволена трговија со дрога; недозволена трговија со оружје и опасни материи; финансиски криминал; насилен криминал; интерресорската соработка; криминалистичко разузнавање; криминалистичка анализа; активности на заштита на сведоци; мерки и активности на централни потраги;  компјутерски криминалитет и примена на посебни истражни мерки.
Воедно ќе се работи и на подобрување на материјално – техничката опременост на Одделот за организиран криминал.

**Цел на програмата е:** ефикасно справување со организираниот криминал и корупција.

**Очекувани резултати:**
Зголемување на успешноста во расветлувањето на делата од областа на организиран криминал и корупцијата;
Подобрување на интерресорската соработка во борбата против ООК;
Намалено користење на Република Македонија како транзитна зона на криминалот

**Показатели на успешност**
Зголемена стапка на расветлени кривични дела од областа на организиран криминал и корупцијата за 10% во однос на 2008 год;
Воспоставен систем на  интерресорска комуникација, координација и соработка во борбата против ООК;
Намалена стапка на казниви дела од меѓународен карактер сторени на територијата на Република Македонија  за 10%.

### 2.2.1  Потпрограма – Оддел за организиран криминал

Во рамките на оваа потпрограма се реализираат активности за кои е потребен висок степен на специјализација,а заради ефективно и економично извршување на специфични и сложени задачи во борба против организаираниот криминал и корупција на целата територија во Републиката и тоа: формирање на национална разузнавачка база на податоци,Правилник за вршење на работите на Одделот за организиран криминал, изработка на база за криминалистички истраги за сериозен  и организиран криминал, изработка на база на податоци за Секторот за криминалистичко разузнавање,развој на организационите единици надлежни за  спроведување на криминалистичко разузнавачкиот процес (разузнавачки менаџери и локални разузнавачки офицери),спроведување на акциониот план на Националната комисија за трговија со луѓе и криумчарење на мигранти,спроведување на Акциониот план во врска со донесената Национална стратегија

за борба против корупцијата и перењето пари, организираниот економски криминал и компјутерскиот криминал и фалсификатите,изработка на база на податоци за фалсификувани пари,спроведување на акциониот план во врска со донесената Национална стратегија за борба против дрогата,малото и лесно оружје.

**Цел на Потпрограмата** е ефикасно продолжување на борбата со организираниот криминал и корупција.

**Очекувани резултати:**
Зголемена мобилност,ефикасност,ефективност во борбата со организираниот криминал и корупција и реализација на конктерни случаеви со квалитетни докази.

**Показатели на успешност**
Број на реализирани случаеви на кривични дела со елементи на организираност со судска завршница.

**2.1.2 Потпрограма – Зајакнување на капацитетите на Оддел за организиран криминал**

Одделот за организиран криминал и неговите организационо единици го претставуваат стручниот сегмент од полициското работење во борбата против организираниот криминал и корупција кој заради специфичната обука, високот степен на професионализам, специфичната опрема и техника кои се користат за извршување на одредени полициски работи не можат да се трансферираат во подрачните полициски служби и во регионалните центри за гранични работи. Станува збор за високо специјализирани служби, кои имаат специфични задачи и надлежности на целата територија на Република Македонија. Дел од полициските службеници од Одделот за организиран криминал се деташирани во Секторите за внатрешни работи и со ваквата организационата поставеност, материјално-техничката опременост, високиот степен на обученост, Одделот за организиран криминал е во состојба ефикасно да се справи со предизвиците во борбата против организираниот криминал и корупција.

**Цел на Потпрограмата** е зајакнување на капацитетите на Одделот за организиран криминал во борбата против организираниот криминал и корупција.

**Очекувани резултати:**

Зајакнати капацитети на Одделот за организиран криминал согласно новите знаења,процедури во работењето,новите технологии и трендови со цел предвидување, навремено информирање и попречување на организираниот криминал и корупција.
Зголем ена ефикасност во откривачката функција на кривични дела од обласна на организираниот криминал.
Обезбедени квалитетни докази за одредени криминални активности и зајакнати капацитетите на ССИТ во борбата со меѓународниот организиран криминал.
Материјално техничко опремени единици на Одделот за организиран криминал со современа и функционална опрема,материјално техничко опремени единици за криминалистичко разузнавање со современа и функционална опрема.
Профункционирање на базите на податоци.
**Показатели на успешност**
Статистички показатели за намален број на нерасчистени кривични дела од обласна на организираниот криминал
Финансиски показатели за рационална искористеност на персоналните и материјално-техничките капацитети и економичност во постапките,
Успешно реализирање на случаи на меѓународно организирани криминални групи и организации

**2.1.2.1 Проект-Национална разузнавачка база на податоци**
Со овој проект ќе се овозможи:обединети податоци и информации,стандардизиран начин на прибирање на податоци, меѓусебна размена и нивна анализа согласно меѓународните и европски стандарди,анализа на информациите со помош на современи аналитички техники,размена на аналитички продукти и изготвување на заеднички аналитички продукти;воведен систем на рано предупредување кој ќе генерира и испраќа електронски предупредувања на компетентните органи вклучени во истрагите, со што се овозможува

координација на меѓусебните активности, со цел елиминирање на можноста за водење на паралелни, некоординирани истраги за исти субјекти,пристап на податоци во реално време,овозможен законит пристап и употреба на информациите од НРБП,квалитетна размена на национални податоци со меѓународните институции и органзиации,создадена солидна компатибилна основа за идното поврзување со шенгенскиот информационен систем.

## 2.2 ПРОГРАМА: ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ

Во рамките на оваа Програма се опфаќаат мерки и активности на: развивање на Стандардни оперативни процедури за примена на полициските овластувања со вклучување на тактики на постапување,утврдување на потребите од човечки ресурси, обуки и тренинг, управување со човечките ресурси и развој во кариерата, односи со јавноста, правни и организациски работи,внатрешна контрола, финансиски, материјално-технички и логистички работи. Во рамките на оваа Програма особено се важни активностите: обезбедување на хиерархија и подршка на распределба на задолженијата и одговорноста, стратешко и концептуално планирање, следење и анализа на безбедносната состојба, утврдување на општи насоки стандарди и цели, контролирање на работата на полицијата (генерален и стручен надзор), утврдување на стандарди за материјално техничко опремување,усогласување на законската регулатива со најдобрите европски стандарди и практики,унапредување на меѓународната полициска соработка,активности за спроведување на законите и ратификуваните мегународни договори,градење и развивање на стратегија за превентивно работење на полицијата. Исто така со оваа програма се обезбедува координација на мерките и активностите на оперативно – тактичките полициски служби: Централните полициски служби, Подрачните полициски служби (СВР) и Регионални центри за гранични работи (РЦГР). Со спроведувањето на оваа Програма се овозможува поволна безбедносна состојба во Републиката.

**Цел на Програмата** е: поефикасно одржување на јавниот ред и мир; подобрена безбедност на патниот сообраќај; зајакната безбедност на државната граница; ефикасно спречување и откривање на криминалитетот.

**Очекувани резултати:**
Зголемена ефикасност со примена на стандардизирани постапки на полициските службеници во согласност со начелата на законитост, пропорционалност, хумано постапување,стабилен јавен ред и мир,поволна безбедносна состојба во патниот сообраќај,намален криминалитет,особено со елементи на насилство и организираност,зајакната безбедност на државната граница во функција на зголемен степен на безбедност во државата

**Показатели на успешност:**
Намален број на поплаки и преставки во однос на постапувањето на полициските службеници во врска со примената на овластувањата
Намален број на сторени прекршоци и кривични дела како резултат на зголемената превентивна функција на полицијата
Зголемена стапка на расветлени кривични дела од областа на организиран криминал и корупцијата за 10% во однос на 2008 год;
Воспоставен систем на интерресорска комуникација, координација и соработка во борбата против ООК;
Намалена стапка на казниви дела од меѓународен карактер сторени на територијата на Република Македонија за 10%.

### 2.2.1 Потпрограма – Централни полициски служби

Централните полициски служби го претставуваат стручниот сегмент од полициското работење кој заради специфичната обука, високот степен на професионализам, специфичната опрема и техника кои се користат за извршување на одредени полициски работи не можат да се трансферираат во подрачните полициски служби и во регионалните центри за гранични работи. Станува збор за високо специјализирани служби, кои имаат специфични задачи и надлежности на целата територија на Република Македонија. Дел од Централните полицски служби кои имаат посебна опрема може да се активираат по барање на секторите за внатрешни работи или од регионалните центри за гранични работи, а само во исклучителни случаи по наредба на Директорот на Бирото за јавна безбедност. Со организационата поставеност, материјално-

техничката опременост, високиот степен на обученост, Централните полициски служби се во состојба секогаш благовремено и ефикасно да ги поддржат подрачните полициски служби и регионалните центри за гранични работи.

Во рамките на оваа потпрограма се реализираат активности за кои е потребен висок степен на специјализација,а заради ефективно и економично извршување на одредени специфични и сложени задачи на целата територија во Републиката и тоа: обезбедување на лица и објекти; криминалистичко - технички работи; специјални полициски задачи; брзо распоредување; службени кучиња и коњи; резервен полициски состав;посебни единици на полиција,информатичка и телекомуникациска подршка,меѓународна полициска соработка,обуки и тренинг

**Цел на Потпрограмата** е ефикасна поддршка на подрачните полициски служби и регионалните центри за гранични работи.

**Очекувани резултати:**
Зголемена мобилност,ефикасност,ефективност во поддршка на подрачните полициски служби и регионалните центри на граничната полиција во реализација на конктерни безбеднони проблеми.

**Показатели на успешност**
Намалено време на одговор на полицијата,успешно завршени безбедносни акции.

## 2.3 ПРОГРАМА: СЕКТОР ЗА ГРАНИЧНИ РАБОТИ И МИГРАЦИИ И РЕГИОНАЛНИ ЦЕНТРИ ЗА ГРАНИЧНИ РАБОТИ

Регионалниот центар за гранични работи е полициска служба за непосредно извршување на полициските работи и се дефинира како самостојна оперативна организација на Бирото за јавна безбедност, хиерархиски поврзан со него по вертикала, додека меѓусебно остваруваат соработка по хоризонтала. Регионалниот центар за гранични работи има таква организациона поставеност, која овозможува, работите што им се ставени во надлежност да ги извршува на територијален принцип на работење.
Регионалните центри за гранични работи се организациони единици на министерството за внатрешни работи, надлежни за вршење полициски работи што се однесуваат на обезбедување на државната граница и гранични проверки на граничен премин.
Во рамките на оваа Програма се реализраат активности на: гранични проверки на граничните премини; обезбедување на државната граница; спречување на нелегалната миграција и контрола на движење и престој на странците. Сите активности се насочени кон промовирање на отворени и високо безбедни граници во слободна и безбедна Европска Унија. Во рамките на оваа програма се реализираат и активностите: имплементација на Законот за надзор на државната граница; Законот за странци; Законот за азил и привремена заштита; Стратегијата за интегрирано гранично управување; регулативи, директиви и прирачници за гранична безбедност на ЕУ и шенгенското право.

**Цел на Програмата** е имплементирање на веќе прифатените најдобри практики и заеднички стандарди од областа на интегрираното гранично управување според шенгенските регулативи, директиви и заедничкиот прирачник, материјално-техничко опремување и модернизација на полициските станици, како и подобрување на прекуграничната соработка со соседните држави.

**Очекувани резултати:**
Имплементирана целосно усогласената легислатива;
Материјално-технички опремени и модернизирани полициски станици;
Отворени заеднички канцеларии за размена на информации и рано предупредување,
Изведба на мешани патроли со припадници на граничните служби на сите соседни држави,
Отворени заеднички гранични премини и вршење заедничка гранична контрола

**Показатели на успешност:**
Постапување на полициските службеници по изменетите и дополнети законски и подзаконски акти;
Број на материјално-технички опремени и модернизирани полициски станици;

Број на отворени заеднички канцеларии за размена на информации и рано предупредување, број на изведени мешани патроли со припадници на граничните служби на сите соседни држави, број на отворени заеднички гранични премини и број на заеднички извршени гранични контроли.

## 2.4 ПРОГРАМА - СЕКТОРИ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ – ПОДРАЧНИ ПОЛИЦИСКИ СЛУЖБИ

Секторот за внатрешни работи е подрачна полициска служба за непосредно извршување на полициските работи, а се дефинира како самостојна оперативна организација на Бирото за јавна безбедност, хиерархиски поврзани со него по вертикала, додека меѓусебно остваруваат соработка по хоризонтала. Секторот за внатрешни работи има таква организациона поставеност, која овозможува, работите што им се ставени во надлежност да ги извршува на територијален принцип на работење.
Подрачните полициски служби се организациони единици на министерството за внатрешни работи, надлежни за остварување на оперативните функции на полицијата кои се утврдени со Закон за полиција и други законски прописи и тоа:
- севкупната безбедносна состојба на подрачјето кое го покриваат
- управувањето со материјално-техничките и човечки ресурси
- управувањето со подбуџетот
- почитувањето и спроведувањето на стандардите и процедурите за постапувањето на полицијата при вршењето на полициските работи

Во рамките на оваа Програма се реализираат активностите: заштита на животот, личната безбедност и имотот на луѓето; заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот; спречување и откривање на казниви дела; потрага по сторители на казниви дела, нивно фаќање и предавање на правосудните органи; контрола и регулирање на патниот сообраќај; одржување на јавниот ред и мир; по потреба спроведува утврдени мерки на безбедност на државната граница и спречување на нелегалната миграција; превзема мерки за заштита на определени личности и објекти,усогласување, насочување и контролирање на работењето на полициските станици; работи на превенција; собирање и обработка на лични податоци врз основа на закон; спроведување на сите закони ставени во надлежност на извршување од страна на полицијата и внатрешните работи,ја информира јавноста за работи од својот делокруг.

**Цел на Програмата е:** деволуција на полициските задолженија, надлежност и одговорност,поефикасно одржување на јавниот ред и мир; подобрена безбедност на патниот сообраќај; зајакната безбедност на државната граница; ефикасно спречување и откривање на криминалитетот.

**Очекувани резултати:**
Зголемена ефикасност,мобилност,ефективност,економичност во примена на стандардизирани постапки на полициските службеници во согласност со начелата на законитост, пропорционалност, хумано постапување,одржување стабилен јавен ред и мир,поволна безбедносна состојба во патниот сообраќај,намален криминалитет,зајакната безбедност на државната граница во функција на зголемен степен на безбедност во државата

**Показатели на успешност**
Намалено време на одговор на полицијата,намален број на поплаки и преставки во однос на постапувањето на полициските службеници во врска со примената на овластувањата,намален број на сторени прекршоци и кривични дела како резултат на зголемената превентивна функција на полицијата
Воспоставен систем на интерресорска комуникација, координација и соработка во борбата против сите појавни облици на криминалитет,прекршоци и асоцијални однесувања.

### 2.4.1 Потпрограма-имплементација на статешки документи на МВР
Во рамките на оваа Потпрограма се реализираат активностите:имплементација на стратегијата за реформи во полицијата,имплементација на стратегија за превентивно работење на полицијата,имплементација на стандардни оперативни процедури за примена на полициските овластувања со тактики на постапување на полицијата,имплементација на норматива,стандарди и процедури кои ги регулираат методите, средствата,надлежностите и обврските на полициските службеници во врска со Законот за малолетничка правда и семејното насилство.

**Цел на потпрограмата е:**законитост,доверба во полицијата,стандардизирани постапки на полициските службеници

**Очекувани резултати:**
Примена на полициските овластувања во согласност со начелата на законитост, пропорционалност, хумано постапување
Стандардизирани постапки на полициските службеници
Обезбедување на квалитетни докази во постапките
Намален криминалитет,особено со елементи на насилство и организираност и зголемен степен на безбедност во државата
Стабилен јавен ред и мир во функција на зголемен степен на безбедност во државата
Поволна безбедносна состојба во патниот сообраќај

**Показатели на успешност**
Стабилна безбедносна состојба
Намалено време на одговор на полицијата
Намален број на сторени прекршоци и кривични дела како резултат на зголемената превентивна функција на полицијата
Капацитет за водење на криминалистички истраги со судска завршница и допринос за намален број на сторени прекршоци и кривични дела и илегални преминувања на државната граница
Намален број на поплаки и преставки во однос на постапувањето на полициските службеници во врска со примената на овластувањата

### 2.4.2 Потпрограма-зајакнување на капацитетите на Секторите за внатрешни работи-Подрачни полициски служби

Во рамките на оваа Потпрограма се реализираат активностите:кадровско доекипирање,обука и тренинг за законска примена на полициските овластувања вклучително со тактики на постапување,информатичко и телекомуникациско опремување на СВР

**Цел на потпрограмата е:** е зајакнување на капацитетите на Секторите за внатрешни работи-Подрачни полициски служби за одржување на стабилен ЈРМ,поволна безбедносна состојба во патниот сообраќај,намалување на криминалитетот и асоцијалните однесувања.

**Очекувани резултати:**
Поголема ефикасност во работењето на полицијата базирана на навремено планирање и програмирање на работата
Обучени полициски службеници за извршување на задачите согласно законските овластувања
Зголемена безбедност на објектите кои се обезбедуваат, безбедност на вработените,намалена можност за неовластено влегување, загрозување на објектот и отуѓување на МТС
Намален персонал за надворешно обезбедување на издвоените објекти.
Подобри услови за работа на полициските службеници,
Зголемена контролата врз полициските службеници

**Показатели на успешност**
Број на реализирана обука и тренинг на полициските службеници во СВР
Статистички показатели за намалување на отсуства од работа
Статистички показатели за намалување на повреди на работната дисциплина
Статистички показатели за загрозување на безбедноста на обезбедуваните објекти од обиди за неовластено влегување во објекот и појава на пожари

**2.4.2.1 Проект СВР Скопје**
**2.4.2.2 Проект СВР Битола**
**2.4.2.3. Проект СВР Велес**
**2.4.2.4 Проект СВР Куманово**
**2.4.2.5 Проект СВР Охрид**
**2.4.2.6 Проект СВР Струмица**

**2.4.2.7 Проект СВР Тетово**
**2.4.2.8 Проект СВР Штип**

**Со проектите за Секторите за внатрешни работи-Подрачните полициски служби се реализираат активности за изградба,целосна-делумна реконструкција на објектите на СВР и опремување со моторни возила согласно утврдените потреби и стандарди.**

### 2.4.3 Потпрограма - Градење на партнерски однос "граѓанин - полиција"

Во рамките на оваа Потпрограма се реализираат активности во соработка со ОБСЕ: на централно ниво ќе се воспостави Државен совет за превенција; на локално ниво ќе се продолжи со воспоставување на „ локален совет за превенција„ понатамошни континуирани активности за одржливост на формираните „Советодавни Групи на Граѓани„ како и формирање на нови советодавни групи; градење на стратегија за превенција;зајакнување на капацитетите на Одделенијата за превенција во сите Сектори за внатрешни работи на оперативно ниво, јакнење на капацитетите на полицијата задолжени да работат на областа на превенција на тактичко ниво(инспектор за превенција во Полициска станица).
Понатамошни активности во рамките на оваа Потпрограма се: развивање на односите со јавноста посебно со печатените и електронските медиуми на регионално и локално ниво; развивање на концепт на мултиетничка полиција,односно правична застепеност на сите заедници во полицијата.

**Цел на потпрограмата е:** Безбедни заедници,подобрена комуникција,зголемено ниво на соработка со граѓаните,изграден партнерски однос во решавањето на локални проблеми меѓу полицијата и граѓаните,зголемен степен на јавна доверба во полицијата во функција на зголемен степен на безбедност во државата.

**Очекувани резултати**:
Изменет однос полиција - граѓанин; зголемување на довербата меѓу полицијата и граѓаните, заедничко градење на безбедни заедници; заедничка борба против сите облици на криминал; постигнување на меѓусебното разбирање; информирање на граѓаните за работата на полицијата и давање на чувство за подобрување на животот од безбедносен аспект.
**Показатели на успешност**:
Зголемен број на Советодавни групи на граѓани; намален број на поплаките на граѓаните на работата на полициските службеници; намален број на поднесени претставки и поплаки на полициското работење; намален број на прекршоци против јавниот ред и мир; намалено ниво на криминалот во општините, позитивно јавно мислење искажано преку анкети и интервјуа итн.

## 2.5 ПРОГРАМА – НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ И БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРОЗМОТ

Програмата „Национална безбедност и борба против тероризмот„ произлегува од потребата за изградба на заокружен и интегриран систем за национална безбедност и јакнење на институционалните капацитети на Република Македонија за спротивставување и борба против тероризмот и продлабочување на механизмите за соработка со органите на меѓународната заедница.
Тргнувајќи од утврдените стратешки приоритети на Република Македонија за интегрирање во НАТО и Европската унија, а во тој правец и изградба на безбедносен систем компатибилен и соодветен со безбедносниот систем на НАТО како неопходен предуслов за рамноправно учество и членство на Република Македонија во меѓународните институции, Министерството за внатрешни работи, односно Управата за безбедност и контраразузнавање во идниот период ќе преземе низа мерки и активности кои ќе бидат насочени кон повеќе правци.
Најпрво, создавање на правна основа за изградба на еден современ систем на национална безбедност во кој секој од субјектите, односно чинителите на тој систем ќе има јасно дефинирана улога и надлежност, системот ќе овозможува координацијата и соработката помеѓу безбедносните служби, а јасно ќе биде утврдена и улогата на одредени безбедносни органи во дефинирањето на правецот на развој на системот за национална безбедност и развивање на механизмите за одговор за современите ризици и опасности кои ја загрозуваат безбедноста на Република Македонија.

Во овој правец ќе биде и точното дефинирање на правната положба, надлежноста, овластувањата и организационата структура на Управата за безбедност и контраразузнавање и нејзина трансформација во современа и модерна внатрешна безбедносна служба.
Од друга страна имајќи ја во предвид интернационалната димензија на тероризмот како глобален феномен кој ја загрозува безбедноста на сите држави во светот, Управата за безбедност и контраразузнавање преку соработка со меѓународните институции и органи и вклучување во низа меѓународни организации поинтенизивно и поактивно ќе се вклучи борбата на меѓународната заедница против тероризмот во сите негови појавни облици.
Во таа насока ќе се зголемува улогата и активното учество на Управата за безбедност и контраразузнавање во програмите на Алијансата за меѓусебна поддршка во градењето на одбранбените институции против тероризмот (Партнерцхип Ацтион Агеинст Тероррисм ПАП-Т), особено во однос на забрзување на процесот на унапредување и олеснување на постапките и механизмите за размена на разузнавачки податоци со НАТО.
Програмата треба да овозможи што поактивна соработка на Република Македонија и со Комитетот за борба против тероризмот на Советот на безбедност како и интензивирање на соработката на билателарно ниво во правец на размена на разузнавачки податоци и преземање на определени заеднички активности со безбедносните и разузнавачките служби на земјите од Европската унија.
На мултилатерално ниво Управата е постојана членка на Конференцијата на разузнавачки служби на Југоисточна европа како форма на усогласување на интересите и формирање на заедичка стратегија на земјите од Југоисточна Европа за превенција и сузбивање на заканите кои произлегуваат од меѓународниот тероризам (СЕЕИЦ). Во наредниот период ќе се зајакнат активностите што ги има оваа Управа во овој дел а ќе се продолжи и со постапката за прифаќање на апликацијата на Управата за постојано членство во Средноевропската конференција (МЕЦ)
На мултилатерално ниво Управата е постојана членка на Конференцијата на разузнавачки служби на Југоисточна европа како форма на усогласување на интересите и формирање на заедничка стратегија на земјите од Југоисточна Европа за превенција и сузбивање на заканите кои произлегуваат од меѓународниот тероризам (СЕЕИЦ), а од јуни 2008 година стана членка и на Средноевропската конференција (МЕЦ).
Во идниот период ќе се зајакнат активностите на Управата за безбедност и контраразузнавање поврзани со нејзиното учеството во наведните меѓународни организации.

## 2.6 ПРОГРАМА: РЕФОРМА НА ПОЛИЦИЈАТА

Во рамките на оваа Програма ќе се реализира ИПА – Проект „ **Проект за помош за развој на полицијата**,, со активности на советодавна и материјална подршка на процесот на реформи во полицијата заради обезбедување на конзистентност и континуираност на пристапот, консолидирање на веќе остварениот напредок и подржување на импулсот. Непосредните активности се однесуваат на подршка на процесот на реформи на полицијата на три нивоа:
- централно – Стратешко,
- регионално –Тактичко и
- локално – Оперативно ниво.

Цел на Програмата е да обезбеди професионална полициска служба која ќе овозможи одржување на јавната безбедност и спроведување на владеење на правото согласно националното законодавство, земајќи ги во предвид регулативите и најдобрата практика на ЕУ во која јавноста ќе има доверба.

### 2.6.1 Потпрограма Надградба на телекомуникациски системи

#### 2.6.1.1 Проект” Поврзување на СВР и ПС на СДХ транспортна мрежа”

Со проектот “ Поврзување на СВР и ПС на СДХ транспортна мрежа” е предвидено пристапување од СДХ мрежата на МВР до седум СВР и тринаесет ПС со радиолинкови од типот ПДХ. Ова ќе овозможи зголемени транспортни брзини на компјутерските и телефонските мрежи на овие дваесет локации. Поголемите транспортни брзини се потребни за создавање услови за инсталација на нови софтверски апликации и современи телефонски сервиси за вработените во министерството.
Исто така со овој проект се овозможува независност од јавните провајдери на телекомуникациски услуги и сведување на овие услуги само како резервна опција при испад на телекомуникациската мрежа на МВР.

#### 2.6.1.2 Проект Зголемување на безбедноста на мрежната опрема

Овој проект е потребен поради фактот дека мрежата на Министертвото треба да има безбедносен третман од највисок ранг изведен со професионална опрема за дијагностицирање на несакани процеси во компјутерската мрежа и нивно спречување. Со анализа на мрежните протоколи и техниките за длабока пакетска анализа се добиваат извештаи и се поставуваат правила за блокирање на сите напади во реално време.

**2.6.1.3 Проект Замена на постоечкато резервно напојување на телекомуникациската опрема во кругот на МВР и енергетска заштита на ТК опрема**

Со овој проект е предвидена замена на енергетските системи за резервно напојување во кругот на МВР, што подразбира набавка и монтажа на нови уреди за непрекинато напојување, агрегат со соодветна моќност и исправувач на напон. Со ова ќе се избегнат прекини во напојувањето на скапата техничка опрема сместена во систем салите во министерството и спречување на дефекти на истата поради испади.

Во делот на заштитата предвидена е набавка и монтажа на уреди за заштита од пренапон и удар на гром според претходна анализа на дефекти на Секторот за телекомуникации. Со оваа опрема би се штитела скапата телекомуникациска опрема и опремата за видеонадзор.

**2.6.1.4 Проект Мрежна инфраструктура за ИП телефонија**

Овој проект е продолжување со замената на стариот телефонски систем со ИП телефонија, која како технологија ги покрива сите сервиси и потреби за зголемена и современа комуникација на вработените. Со реализацијата на овој проект се остварува интеграција на телефонските и компјутерските мрежи во министерството во единствена телекомуникациска мрежа.

**2.6.1.5 Проект Проширување на системот за криптозаштита**

Со овој проект е предвидена инсталација на опрема за криптозаштита на 25 нови локации во министерството и тоа на 15 меѓународни гранични премини и 10 полициски станици во Скопје и овозможување на електронски пренос преку компјутер на криптирани службени документи. Со тоа ќе се оствари брз пренос на класифицирани податоци на овие нови 25 локации и нивна интеграција во системот за криптозаштита на МВР. Исто така паралелно ќе се изврши обука на сите идни криптообработувачи за покривање на сменското работење на сите локации.

**2.6.1.6 Проект Опрема за оптимизирање и одржување на ТЕТРА мрежа**

Овој проект е предвиден како обврска на МВР во проектот за проширување на ТЕТРА мрежата – втора фаза кој треба да се реализира со кофинансирање со ИПА фондот, а во вкупна вредност 5.2 милиони ЕУР. Проектот е координиран со Секторот за европски прашања при Владата на РМ, а подразбира набавка на софтвер за радиопланирање и дигитална мапа на Македонија, како и две теренски возила кои се потребни за одржување и интервенции на радиопремата сместена на планински врвови и доминантни точки.

**2.6.2 Потпрограма Надградба на информациониот систем на МВР**

**2.6.2.1 Проект Одржување и подобрување на комјутерската инфраструктура на МВР**

Овој проект подразбира замена на дотраена комјутерска опрема како и инсталација на нова, со цел одржување и надоградба на употребната моќ на комјутерската мрежа на МВР за работа со современи софтверски алатки.

**2.6.2.2 Проект Подигање на нивото на заштита на информациониот систем**

Овој проект подразбира подигање на нивото на физичка заштита на систем салите на ИТ и Телекомуникации, подобрување на системите за ладење, непрекинато напојување со електрична енергија и противпожарна заштита, набавка и инсталација на софтвер за контрола на ИТ мрежата, издвојување на мрежата за користење на ИНТЕРНЕТ услуги, набавка и инсталирање на софтвер за контрола на пристапот до ИТ ресурсите, набавка и инсталирање на опрема за Дисастер роцоверс(Он лине БАЦК УП) на главните компоненти на ИТ системот на МВР на одалечена локација. Цел на овој проект е имплементирање на обврските од Правилникот за класифицирани информации на МВР.

**2.6.2.3 Проект Стратегија за информатичка технологија**

Министерството со Резолуција ја потврди и ја усвои како насока во полето на ИТ развојот, во период од наредните 5 години „Декларацијата за стратешки насоки на информатичката технологија за МВР на РМ".Престои воспоставување на Координативно тело во рамки на МВР кое ќе биде надлежно за планирањето и координацијата на имплементирање на проектите и останатите активности за реализација на стратегијата. Координативното тело, во соработка со Секторот за информатичка технологија во рок од шест месеци од неговото конституирање ќе подготви Планови за реализација на пет Проекти што произлегуваат од Стратегијата (види табеларен дел).

### 2.6.3 Потпрограма Управување со човечки реурси

Во рамките на програмата треба да се реализираат активности со кои ќе се дефинираат одредени активности кои се однесуваат на управувањето со човечките ресурси во рамките на Бирото за јавна безбедност, а се однесуваат на постапките за јавен оглас и селекција на кадрите, спроведување на системот на кариера, имплементирање на моделот профил на работното место и дигитализација на постапката за водење на персоналната евиденција на вработените. Особено внимание треба да се посвети на обуката на вработените и нивното насочување во развојот на кариерата.

**Очекувани резултати:**

Потполна транспарентност во работењето на изборната комисија при селекција и прием на кадри, унифицирање на постапката при спроведување на интервју и при поднесување на жалба на одлука на изборната комисија и насочување на вработените во нивниот кариерен развој, насочување на работни активности на вработените, подобрување на интеракција со другите вработени, стандарди за работното место, средства и опрема која се користи на работното место, контрола на вработените (кој кого и од кого е контролиран), како и развивање на знаењата, вештините и способностите кај вработениот, поедноставување на постапката за следење на ефективноста и ефикасноста на вработените и рационализација на процесот на кадровското планирање, воспоставување на системот на обука во рамките на БЈБ и СВР, способност на менаџерскиот кадар на сите нивоа за справување со професионалните предизвици, воспоставување на системот за превенција во СВР и создавање на тим на обучувачи подготвени да ги применуваат методите на модерното учење во обуката на вработените.

**Показатели на успешност:**

Намалување на бројот на жалбите по одлука на изборната комисија и зголемување на ефективноста и ефикасноста на вработените при извршувањето на задачите за 10% и намалување на отсуствата од работа за 15%, зголемена мотивација на вработениот на работното место, зголемена одговорност на вработениот на работното место (не може да се изрази со бројка, се однесува на задоволството на вработените од работата) и зголемување на ефективноста и ефикасноста на вработените при извршувањето на задачите за 10%.

# 2. П Л А Н О В И  З А  С П Р О В Е Д У В А Њ Е   Н А   П Р О Г Р А М И Т Е

## 2.1 П Л А Н   З А   С П Р О В Е Д У В А Њ Е
## Н А  ПРОГРАМАТА **“БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈАТА”**

### А: Оправданост и дизајн на програмата

| Програмата **“ Борба против организираниот криминал и корупцијата”** произлегува од: |
|---|
| 1. Стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2009 година, член 1, став 1, алинеа 2 ( интеграција в и НАТО ) и алинеа 2 ( продолжување на борбата против криминалот и корупцијата и ефикасно спроведување на правото ), за чие остварување е утв како приоритет продолжување на борбата против корупцијата и организираниот криминал |
| 2. НПАА Поглавје 3.24 “Правда, слобода и безбедност”, Сектор 3.24.6 Полициска соработка и борба против организиран криминал,сектор 3.24.8 „борба против дрога” и сектор 3.24.10 „Фалсификување на евро” |
| 3. Стратешки приоритет и цели на органот на државната управа:<br>**а. Спречување и откривање на организиран криминал и корупција *приоритет**<br>**ч цели**<br>- Борба против сите појавни облици на организиран криминал, особено спречување и откривање на недозволена трговија со дрога и оружје, недозволена трговија со луѓе,недозволена трговија со дрога,фалсификување на евра;<br>- Унапредување на меѓународната полициска соработка во борбата против организираниот криминал;<br>- Јакнење на капацитетите на Одделот за организиран криминал; |

| **Назив на програмата:**<br>**Борба против организираниот криминал и корупцијата** | **Цел на програмата:**<br>Ефикасно справување со организираниот криминал и корупција. |
|---|---|

| | |
|---|---|
| Програмата е: | хоризонтална |

**Б.План за спроведување**

**2.1.1 ПОТПРОГРАМА – ОДДЕЛ ЗА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ**

| **АКТИВНОСТ 1** | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец /година) | Крај (месец/година) | Човечки | Финансиски МКД |
| 1. Изготвување на Правилник за вршење на работите на ООК во Одделот за организиран криминал | Оддел за организиран криминал (во натамошен текст ООК) | Сектор за правни и кадровски работи (во натамошен текст СПКР) Странски експерти | / | 03/ 2009 | | |

| **Резултат** | **Показател на успешност** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| Пропишана процедура на Одделот за организиран криминал во Централните полициски служби во Министерството за внатрешни работи, од делокругот на надлежности на Одделот, а кои се однесуваат на спречување и откривање на кривични дела со елементи на организиран криминал; начин на примена на оперативни методи и средства; употреба на посебна база на податоци од делокругот на надлежности на Одделот; начинот на остварување на меѓусекторската, меѓуресорската и меѓународна соработка во борбата против организираниот криминал; правата и обврските на работниците од Одделот; изготвени годишни програми за едукација и специјализирани обуки на работниците од Одделот; други работи од делокругот на надлежности на Одделот уредени со закон. | Постигната унифицираност при превземањето на мерките и активностите,<br>Статистички показатели за зголемена ефикасност во откриени кривични дела од организираниот и друг вид на криминал,<br>Финансиски показатели за рационална искористеност на персоналните и материјално техничките капацитети, Економичност во постапките,<br>Статистички показатели за завршени аеднички меѓусекторски, меѓуресорски и меѓународни операции. |

| АКТИВНОСТ 2 | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец /година) | Крај (месец/година) | Човечки | Финансиски МКД |
| 1.Иницијатива за измена и дополнување на систематизација на Одделот за организиран криминал. | Оддел за организиран криминал (во натамошен текст ООК) | СПКР | 9/2008 | 03/ 2009 | | |

**Сектор за криминалистичка анализа**

| АКТИВНОСТ 3 | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец /година) | Крај (месец/година) | Човечки | Финансиски МКД |
| 1. База за криминалистички истраги за сериозен и организиран криминал | Сектор за криминалистичка анализа и Одделение за ИТ подршка во Секторот за разузнавање | Сите Сектори во ООК,СИТ, МВР на Р.Србија-Управа на криминалистичка полиција – Оддел за оперативна анлиза | 06/2008 | 06/ 2009 | | Сопствени извори и донација од Британска Амбасада |

| **Резултат** | **Показател на успешност** |
|---|---|
| - Зајакнати капацитети на Секторот за криминалистичка анализа согласно новите технологии и трендови на развој согласно страндардите на ЕУ во сферата на стратешкото и оперативно аналитичкото согледување на одредени криминални појави и настани со цел предвидување, навремено информирање и попречување на одредени криминални активности.<br>- Овозможено електонско собирање, пребарување и анализа на податоци од | Изработка на соодветни аналитички продукти.<br>Финансиски показатели за рационална искористеност на персоналните и материјално техничките капацитети,<br>Економичност во постапките, |

| | |
|---|---|
| областа на организиран криминал со цел поефикасна работа на Одделот и меѓуинституционална и меѓународна размена на информации и водење на заеднички операции. | |

**Сектор за криминалистичко разузнавање**

| АКТИВНОСТ 4 | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец /година) | Крај (месец/година) | Човечки | Финансиски МКД |
| 1.Изготвување на дополнителна норматива, стандарди и процедури кои ги регулираат методите, средствата,надлежносите и обврските на полициските службеници во криминалистичко разузнавачкиот процес | Оддел за организиран криминал (во натамошен текст ООК) -Сектор за криминалистичко разузнавање (СКР) | Сектор за организација, стратешко планирање и развој на полиција(во понатамошен текст СОСПРП),СПКР,експерт и од Р.Северна Ирска во рамките на Проектот за подршка и развој | 09/2008 | 06/ 2009 | | |
| 2. Регулирање на определени обврски, надлежности и постапки во другите подзаконски акти во БЈБ кои директно или индиректно ќе имаат влијание на криминалистичкото разузнавање или користењето на проактивниот метод во истрагите | ООК-Сектор за криминалистичко разузнавање | СОСПРП,Оперативните организациони единици во БЈБ, експерти од Р.Северна Ирска во рамките на Проектот за подршка и развој, други странски експерти | 1/2009 | 6/2009 | | |
| 3.База на податоци за Секторот за криминалистичко разузнавање | ООК-Сектор за криминалистичко разузнавање | СОСПРП,СПКР | - | 6/2009 | | |
| 4.Развој на организационите единици надлежни за спроведување на криминалистичко разузнавачкиот процес (разузнавачки менаџери и локални разузнавачки офицери) | ООК-Сектор за криминалистичко разузнавање | СОСПРП,Оперативните организациони единици во БЈБ, експерти од Р.Северна Ирска во рамките на Проектот за подршка и развој, други странски експерти | 01/2010 | 12/2011 | | |

| Резултат | Показател на успешност |
|---|---|
| Донесен Правилник за криминалистичко разузнавачки процес и Упатство за користење на разузнавачка база на податоци, имплеменитрани се определени стандарди и правила во подзаконските акти на ниво на МВР<br>Утврдени стандарди и процедури во спроведувањето на криминалистичкото разунавање. Постигната хармонизација на нормативата со стандардите на современите полициски системи | Постигната унифицираност при превземањето на мерките и активностите, Статистички показатели за зголемена ефикасност во борбата против организираниот и друг вид на криминал врз основа на проценети разузнавачки информации добиени од прикриени извори на информации-информатори и др. Финансиски показатели за рационална искористеност на персоналните и материјално техничките капацитети, Економичност во постапките, Криминалистички истраги врз основа на разузнавачки информации |

**Сектор за трговија со луѓе**

| АКТИВНОСТ 5 | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец /година) | Крај (месец/година) | Човечки | Финансиски МКД |
| 1.Спроведување на акциониот план на Националната комисија за **трговија со луѓе**. | Одделение за трговија со луѓе и проституција | Нац.комисија за трговија со луѓе | / | 12/2010 | | |
| 2.Спроведување на Акциониот план на Националната комисија во делот на криумчарење на мигранти | Одделение за криумчарење на мигранти и фалсификувани патни исправи | Национална комисија за трговија со луѓе | / | 12/2010 | | |
| 3.Обука за техники на идентификација на жртви на трговија со луѓе<br>-20 лица | ООК-Сектор за трговија со луѓе, СГР | СУЧР,СКР | 1/2009 | 12/2009 | | |
| 4.Обука на претставници од секторот за трговија со луѓе<br>-20 лица | ООК-Сектор за трговија со луѓе | СУЧР,СКР | 1/2009 | 12/2009 | | |

| Резултати | Показаттели на успешност |
|---|---|
| Намален број на жртви на трговија заради сексуална и трудова експлотација, и илегално криумчарени мигранти преку РМ | Статистички показатели за откриени и кривично процесуирани предмети за сторители на кривични дела со трговија со луѓе и криумчарени мигранти, успешно судски завршени предмети,зголемена доверба во институциите на системот и правата сигурност кај граѓаните. |

**Сектор за финансиски криминал**

| АКТИВНОСТ 6 | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец /година) | Крај (месец/година) | Човечки | Финансиски МКД |
| 1. Спроведување на Акциониот план во врска со донесената Национална стратегија за борба против **корупцијата и перењето пари, организираниот економски криминал и компјутерскиот криминал и фалсификатите** | ООК - СФК | Антикорупциска комисија, Дирекција за спречување перење пари,ЈО на РМ - Одделение за борба против организиран криминал, УЈП, Финансова полиција, Царинска управа на РМ,Македонски телекомуникаци | 1/2008 | 12/2010 | | |
| 2.Одделение за комјутерски криминал и фалсификати на пари:<br>-иницијатива за измена на систематизацијата - иформатички кадар;<br>-Приближување и хармонизација со ЕУ стандардите и законодавството во однос на измени и дополнувања на КЗ на РМ со воведување на нов член (фалсификување или злоупотреба на платежна картичка); | ООК – СФК-ОККФ | Странски експерти, Европска Национална банка | 09/2008 | 06/2010 | | |
| 3.Изработка на база на податоци за фалсификувани пари | ООК – СФК-ОККФ | Странски експерти | 09/2008 | 06/2010 | | |
| 4.Обука за извршители во СФК<br>- 10 лица | ООК – СФК | | 1/2009 | 12/2009 | | |
| 5.Обука за нови методи и мерки за откривање на фалсификување на пари<br>-16 лица | ООК – СФК-ОККФ | | 2/2009 | 12/2009 | | |

| Резултати | Показател на успешност |
|---|---|
| Намален организираниот криминал во областа на корупцијата, перењето пари, економскиот криминал, компјутерскиот криминал и фалсификатите<br>Електронско следење на криминалот со фалсификувани пари. | Статистички показатели за зголемена ефекасност во борбата против организираниот криминал во областа на корупцијата, перењето пари, економскиот криминал, компјутерскиот криминал и фалсификатите.<br>Финансиски показатели за рационална искористеност на персоналните и материјално техничките капацитети, Економичност во постапките, |

| Сектор за трговија со дрога и оружје | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **АКТИВНОСТ 7** | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | |
| | | | Почеток (месец /година) | Крај (месец/година) | Човечки | Финансиски МКД |
| 1.Спроведување на акциониот план во врска со донесената Национална стратегија за борба против **дрогата.** | ООК – Сектор за недозволена трговија со дрога и оружје (СНТДО) | Меѓуресорска државна комисија за борба против дрогата. | 01/2008 | 12/2010 | | |
| 2.Спроведување на акциониот план во врска со донесената Националната стратегија за борба против **малото и лесно оружје.** | ООК-СНТДО | Министерство за правда, Министерство за одбрана, Министерство за надворешни работи, Министерство за образование, Министерство за финансии- ЦУ на Р. М, УНДП. | 01/2008 | 12/2010 | | |
| 3. Меѓуресорска соработка со други Агенции за спроведување на Законот за водење на заеднички истраги | ООК - СНТДО | Министерство за финансии-Царинска Управа, Управа за спречување перење пари | 09/2008 | 12/2011 | | |
| 4. Соработка со странски Служби за борба против дрога за водење на меѓународни истраги | ООК - СНТДО | СЕКИ Центар, ИНТЕРПОЛ | 09/2008 | 12/2011 | | |

| **Резултат** | **Показател на успешност** |
|---|---|
| Јасно и децидно дефиниранби обврски и надлежности на единиците за криминалистички работи во секторите за внатрешни работи, надворешните канцеларии за криминалистички работи во полициските станици од општа надлежност при извршувањето на полициските работи. | Непречено и ефикасно функционирање на мешовитите оперативни тимови. |

| **Сектор за насилен криминалитет** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **АКТИВНОСТ 8** | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | |
| | | | Почеток (месец /година) | Крај (месец/година) | Човечки | Финансиски МКД |
| 1. Кадровско доекипирање согласно постојната систематизација на СНК-ООК, 2. Иницијатива за измена и дополнување на постојната систематизација на СНК во однос на кадровското пополнување со профил на кадар остручен за работа со лица извршители или осомничени како извршители на сериозни кривични дела од областа на крвните деликти, кај кои како основен мотив-причина за вршење на кривичните дела е одредено психичко-ментално пореметување. 3.Иницијатива - Предлог за измени и дополнувања на Упатството за начинот и водење на криминалистички истраги во полицијата во МВР во делот ИВ – Водење на заеднички криминалистички истраги, односно под ред. Бр. 1 меѓусекторски заеднички криминалистички истраги во согласност со Стратегијата за развој на ООК | ООК – Сектор за насилен криминал | СПКР Медицински факултет-Клиника за психијатрија | 09/2008 | 10/2009 | надворешни капацитети | |

| Резултат | Показател на успешност |
|---|---|
| Зголем ена ефикасност во откривачката функција и докажувањето на кривични дела од областа на крвните деликти .<br>Јасно и децидно дефиниранби обврски и надлежности на единиците за криминалистички работи во секторите за внатрешни работи, надворешните канцеларии за криминалистички работи во полициските станици од општа надлежност при извршувањето на полициските работи. | Статистички показатели за намален број на нерасчистени кривични дела од областа на крвните деликти.<br>Непречено и ефикасно функционирање на мешовитите оперативни тимови. |

**Сектор за специјални истражни техники**

| **АКТИВНОСТ 9** | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец /година) | Крај (месец/година) | Човечки | Финансиски МКД |
| 1.Спроведување на акциониот план во врска со донесената национална стратегија за борба против Организираниот криминал и корупцијата<br>2.Зајакната меѓународна соработка за сузбивање на меѓународниот криминал со земјите од регионот и од Европската унија со давање на услуга на лица со прикриен идентитет. | ООК- Сектор за специјални истражни техники (ССИТ) | Одделението за гонење на сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата при Јавно Обвинителство на РМ, како и истражните одделенија на Основните судови<br>Соодветни служби од С.Р.Германија, Р.Австрија, Р.Словенија, Р.Хрватска.<br>СЕКИ центарот во Букурешт, Канцеларијата на ДЕА во Атина, ОБСЕ, ИЦИТАП при амбасадата на САД | / | 12/2010 | | |

| Резултат | Показател на успешност |
|---|---|
| Поквалитетно и поуспешно обезбедени материјални докази за водење на истражната постапка<br>Обезбедени квалитетни докази за одредени криминални активности и зајакнати капацитетите на ССИТ во борбата со меѓународниот организиран криминал.<br>Зајакнати капацитети на ССИТ во борбата со меѓународниот организиран криминал. | Реализирани случаеви и донесени пресуди од судовите во првостепена постапка.<br>Успешно реализирање на случаи на меѓународно организирани криминални групи и организации |

### 2.1.2 ПОТПРОГРАМА – ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ОДДЕЛ ЗА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

| **Активност 1** | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец / година) | Крај (месец/година) | Човечки | Финансиски МКД |
| Специјалистички обуки на вработени во ООК | ООК,ЦПС | Сектор за управување со човечки ресурси(во понатамошен текст СУЧР),СОСПРП,СПКР, експерти од Р.Северна Ирска во рамките на Проектот за подршка и развој | 09/2008 | 12/2011 | странски експерти | |

| **Резултат** | **Показател на успешност** |
|---|---|
| Стекнато знаење за законските прописи и подзаконските акти во МВР особено процедурите сврзани со процесот на работа во БЈБ,ООК и СКР.<br>Зголем ена ефикасност во откривачката функција на кривични дела од областа на организираниот криминал.<br>Обезбедени квалитетни докази за одредени криминални активности и зајакнати капацитетите на ССИТ во борбата со меѓународниот организиран криминал. | Обезбедени разузнавачки информации врз основа на утврдени процедури и законитост во постапувањето, адекватна размена на проценети разузнавачки информации со надлежни организациони единици во МВР, царинската управа,финасовата полиција, странски полициски служби и др.<br>Статистички показатели за намален број на нерасчистени кривични дела од областа на организираниот криминал криминал<br>Финансиски показатели за рационална искористеност на персоналните и материјално техничките капацитети, Економичност во постапките<br>Успешно реализирање на случаи на меѓународно организирани криминални групи и организации |

| **АКТИВНОСТ 2** | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец / година) | Крај (месец/година) | Човечки | Финанси ски МКД |
